Милчо Манчевски

# Пет капки сон

Milcho Manchevski

# Five Drops of Dream

Издава: Национална установа Музеј на современата уметност Скопје
За издавачот: Елиза Шулевска, директор
Кустос: Зоран Петровски
Текст: Милчо Манчевски, Зоран Петровски
Превод на англиски: Дарко Путилов
Ликовно уредување: Михајло Мотески
Печат: Скенпоинт, Скопје
Тираж: 500

Publisher: National Institution Museum of Contemporary Art, Skopje, Republic of Macedonia
For the publisher: Eliza Sulevska, Director
Curator: Zoran Petrovski
Texts: Milcho Manchevski, Zoran Petrovski
Translated into English: Darko Putilov
Lay-out: Mihajlo Moteski
Print: Skenpoint, Skopje
500 copies

CIP – Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски" Скопје

77.038 (497.7) (06.064)Манчевски, М.

МАНЧЕВСКИ, Милчо
Пет капки сон / Милчо Манчевски ; (текст Милчо Манчевски, Зоран Петровски ; превод на англиски јазик Дарко Путилов) = Five drops of dream / Milcho Manchevski ; (texts Milcho Manchevski, Zoran Petrovski ; translation into English Darko Putilov). – Скопје : НУ Музеј на современата уметност = Скопје : NI Museum of Contemporary Art, 2010. – 106 стр. : илустр. ; 47x22 см.

Текст напоредно на мак. и англ. Јазик. – Биографија ; Biography: стр. 105

ISBN 978-9989-199-19-6
1. Петровски, Зоран (автор). – I. Manchevski, Milcho види Манчевски, Милчо
а) Современа фотографија – Македонија – Изложби
COBISS. MK-ID 83335434

Milcho Manchevski

# Five Drops of Dream

Милчо Манчевски

# Пет капки сон

НУ Музеј на современата уметност Скопје. 2010
NI Museum of Contemporary Art Skopje, Republic of Macedonia 2010

Благодарност од авторот:
До Зоран Петровски. За идеите, поддршката и партнерството.

The artists' thanks:
To Zoran Petrovski. For the ideas, support and partnership.

Изложбата и каталогот се реализирани со поддршка на Министерството за култура на Република Македонија

The exhibition and the print of the catalogue are supported by the Ministry of Culture of Republic of Macedonia

Милчо Манчевски
Milcho Manchevski

Во збиркава композиции ПЕТ КАПКИ СОН ме интересираат две работи:

1. Експлозијата на визуелното во прозаичниот момент; и
2. Костецот и прегратката на наративното и формалното.

Фотографииве живеат само кога се заедно и кога формираат композиција. Како ноти во песна.

* * *

In the collection of compositions FIVE DROPS OF DREAM I am interested in two things:

1. The explosion of the visual in the mundane moment; and
2. The wrestle and embrace of the narrative and the formal.

These photographs live only when they are together and when they form compositions. Like notes in a song.







# 1

1999-2010













# 2

1999-2010












# 3

1999-2010












4

1999-2010












5

1999-2010





















7

1999-2010







8

1999-2010







# 9

1999-2010


Better



















11 1999-2010

















13 1999-2010










आकर्षक इनाम
वह नाम
जो उजाला
लाये

    
















Eat Healthy
Better




















で自分を信じられるか。






























Sign, Swipe,
Score!
REWARDS





    

 1999-2010


























NICK'S























    










HOME HEALTH CARE
SUPPLIES


M23








West






ТУТУНОБЕРАЧИТЕ


NO PARKING
TOW AWAY ZONE
24 HOURS ACTIVE DRIVE WAY


ATED WITH UTILITY COMPANIES

 1999-2010
















































ANT THIS










IMMACULATE
CONCEPTION
ROMAN CATHOLIC CHURCH
MASS SCHEDULE
TICKET
TO HEAVEN
APPLY INSIDE
VISIT JESUS








Wrangler



















 1999-2010












moss
moss














LIEVE
られるか。






MANGO










DIESEL











# Пет капки сон

Зоран Петровски

Кога во 1999 година го поканивме Милчо Манчевски да ги изложи своите фотографии во Музејот на современата уметност, бевме поттикнати од значењето кое го имаше сликата и медиумот на фотографијата во неговото дело. Како што се покажа и во понатамошното творештво на Манчевски, и посебно во неговите фотографски дела, создавањето слики и силината на имагинацијата на тие слики е движечката сила во профилирањето на естетиката и поетиката на овој оригинален филмски автор.

Серијата фотографии со кои се претстави Манчевски беа снимени на локации меѓу неговите два дома, Македонија и Америка и во повеќе европски градови. Насловот на изложбата "Улица", имаше за цел да го означи во директна и во метафорична смисла патувачкиот карактер на фотографиите, во кои се сменуваат различни урбани и рурални призори од Њујорк до Мариово, сцени од романтичните римски паркови до ориентално колоритните скопски пазари, запуштени питорескни згради и уште поживописни ликови, маалски дуќанчиња и апстрактни одрази на реалноста во челично стаклените ѕидови на светските метрополи.

Во жанровската определба, фотографиите на Манчевски упатуваат на влијанијата на големиот историски пример на документарната "лајф" фотографија на Анри-Картие Бресон, како и на блискоста со американската традиција на "улична фотографија" и на она што во тој контекст го подразбира т.н. лична или субјективна документарност. Придржувањето до класичните бресоновски начела за балансот на композицијата, интуитивноста и "решителниот момент" успешно го водат Манчевски во управувањето на објективот кон темите на неговиот интерес. Но она што е исто така карактеристично во неговите фотографски постапки е еднаквото користење на целиот план на сликата со што во композициите се изедначуваат по присутноста и важноста и привидно споредните, периферните, на прв поглед незабележливи детали, кои Манчевски честопати дополнително ги истакнува со необични, изместени, искосени или спуштени ракурси на снимање. Со овој динамичен третман на композицијата, Манчевски си отвора простор за субјективно интерпретирање на мотивите, кои неретко ги развива во серија од неколку сродни или пак различни фотографии, поврзани во своевидни микро нарации.

Се разбира, методите на ширење на фокусот, поттикнувањето на погледот на поместување или придвижување во длабочина и создавањето на полифокална просторна динамика ја доведува фотографијата на Манчевски во тесен соодност и со некои од основните обележја на неговиот филмски дискурс. Зборувајќи за тоа стилско единство на Манчевски, италијанскиот историчар на филмот, Андреја Морини во својот есеј за "Улица" ја истакнува "(...) неговата умешност да го сопре и истовремено да го динамизира прикажаниот предмет, без разлика дали се работи за секвенца или поединечна слика; да му ја додели онаа полисемиска структура која ќе овозможи во него да се откријат многукратни центри на интересирање, а да не се исцрпи неговата комуникативна моќ уште при првиот приод."(*)

Токму таа полисемиска структура е основата врз која е поставен и "Пет капки сон", новиот проект на Милчо Манчевски кој повторно го реализира на покана на Музејот на современата уметност и кој се надоврзува и во формална и во концептуална смисла на патувањето започнато пред десет години со "Улица". Изборот направен од неколку илјадници фотографии снимени во период од повеќе од една деценија одново е во вид на записи од мноштво различни секојдневни настани, улични сцени, снимања, интимни белешки и се разбира од неговите постојани патувања, вклучувајќи ги и неколкуте посети на Индија, Азија и Африка.

Тој голем диспаратен распон на времиња, простори и мотиви, Манчевски го обединува со примена на монтажната или колажна постапка со која ги поврзува фотографиите во единствени композиции, секоја составена од пет поединечни слики.

Композициите се уредени главно со сликарските методи на хармонизирање или спротивставување на формалните, визуелни обележја на поединечните претстави (улични графизми, скулптурални ликови и предмети, полно-празно, боени текстури и сл.), а кои неговите визуелно и колористички заситени фотографии ги пружаат во големо изобилство.

Истовремено, иако содржинските компоненти се привидно потиснати во мрежата на бројните формални и колористички релации со кои сликите се речиси доведени до степен на апстрактност, Манчевски сепак композициите ги создава паралелно и со следењето на наративните врски во содржината на одделни слики, меѓу кои понекаде се јавуваат дури и дискретни, иронично соопштени социјални коментари.

Но она што на Манчевски му го пружа колажната структура во најголема мера е можноста да го **растегнува до крајни граници лакот меѓу апстрактното и наративното.** Ова е најочигледно во една група теми кои се присутни во континуитет во фотографиите на Манчевски, како што се удвојувањето на претставите во стаклени, огледални рефлексии; допирите, говорот или кореографијата на раце; играта на сенките; или интригата, еротиката или мистеријата на деталите во неговото често користење на необични и скратени агли на снимање. Интензитетот на оваа флуктуирачка размена на формите, боите и содржините, која постои во рамките на композициите е таква што не само што успева да продре под површината на баналноста на секојдневните животни ситуации и да ја покаже нивната скриена поетика, туку и да ја трансформира таа стварност во нешто што во исто време се доближува до музичка или поетска композиција. "Пет капки сон" е затоа еден необичен фотографски патепис за задоволството и радоста во гледањето и во откривањето на секој момент од постоењето на светот околу нас.

(*) Andrea Morini, *Strada: Fotografie di Milcho Manchevski,* http://www.manchevski.com/

# Five Drops of Dream

Zoran Petrovski

When we invited Milcho Manchevski in 1999 to exhibit his photographs at the Museum of Contemporary Art - Skopje, we were motivated by the desire to explore the importance that creating poweful images has in Manchevski's work. As became evident in his later films, and especially in his photographs, creating images itself and the power of the imagination captured in these images are the main driving forces behind the aestetic and poetic force of this orginal film auteur.

The series of photographs, which Manchevski showed, was shot on various locations between his two homes - Macedonia and the USA, and in several European cities. 'Street' was the title of that photo exhibition. The title was intended to signify, directly and metaphorically, the notion of travelling in these photographs, showing different urban and rural views, scenes from the romantic Rome parks and from the oriental colorful green markets of Skopje, deserted picturesque buildings and lively characters, local shops in small streets, and the abstract reflections of real life seen in the steel and glass walls of the world's cities.

As far as genre, Manchevski's photographs suggest influence by the great historical example of Henri-Cartier Bresson's documentary 'life' photographs, as well as kinship with the American tradition of 'street photography' and with what in that context can be put under the heading of personal and subjective documentary. Sticking to the classical Cartier-Bresson principles of balancing the composition, the intuition and the 'decisive moment', successfully guides Manchevski in pointing the camera lens towards subjects of his interest. However, another characteristic of Manchevski's photographic procedure is his use of the entire frame of the photograph that in turn brings equal presence and importance to the seemingly peripheral - at first glance imperceptible - details, which he often additionally emphasizes by means of unusual, askew, crooked or lowered angles of shot. By means of such dynamic treatment of the composition, Manchevski makes room for his own subjective motif interpretation. He often develops these motifs into a series of several related or unrelated photographs, linked in particular micro narrations.

Certainly, the methods of widening the focus, stimulating the eye to shift towards depth and creating polyfocal spatial dynamics brings the photography of Manchevski into close relation with some of the essential features of his film discourse. Writing about this stylistic harmony, the Italian film historian Andrea Morini, emphasizes in his essay about 'Street' that '(…) his incredible ability to suspend and at the same time render the dynamic subject of the frame, is apparent. It may be a single image or a sequence, but what is important is his ability to confer a polysemous structure on his work that permits the discovery of a multitude of interest points that give depth to his communicative power and are never exhausted at the first viewing.'*

It is precisely this polysemous structure that provides the basis for the new project of Milcho Manchevski's titled 'Five Drops of Dream', which is again realized upon invitation by the Museum of Contemporary Art - Skopje. The selection made from thousands of photographs taken during a period of more than a decade takes again the form of recording a multitude of everyday events, street scenes, film shoots, intimate notes and of course, his continuous travels, including several visits to India, Asia and Africa.

This disparate range of times, spaces and motifs Manchevski unites by applying editing or collage procedures which bring his photographs together into unified compositions, each made up of five individual photographs.

The compositions are mainly assembled by painterly methods of harmonizing or contrasting the formal, visual traits of the individual presentations (street graphism, sculptural characters and objects, full-empty, coloured textures, etc.), which his visually and colouristically saturated photographs offer in abundance.

At the same time, although the content components are seemingly sidelined into the net of numerous formal and colouristic relationships, resulting in the photographs almost reaching a level of abstraction, Manchevski nevertheless forms his compositions simultaneously by also following the narrative connections in the content of the individual photographs, some of which even contain subtle, ironic social commentary.

However, what the collage structure offers Manchevski is mainly the opportunity **to expand to the furthermost limits the arc between the abstract and the narrative.** This is most evident in a set of themes which have been continuously present in Manchevski's photographs, such as: duplicating images in glass reflections; the touch, speech or choreography of hands; shadow play; or the intrigue, eroticism, and mystery of details in his frequent use of unusual and shortened angles of shot. The intensity of this fluctuating exchange of forms, colours, and content, which exists within the frame of the compositions, is such that it is able not only to penetrate beneath the surface banality of everyday life situations and so show their concealed poetry, but also to transform such reality into something that approaches at the same time a musical or poetic composition. 'Five Drops of Dream' therefore makes a unique photographic travelogue on the pleasure and joy in seeing and discovering every moment of existence of the world around us.

(*) Andrea Morini, Strada: Fotografie di Milcho Manchevski, http://www.manchevski.com/

## Биографија

Милчо Манчевски (Скопје 1959) е сценарист и режисер на игранитe филмови ПРЕД ДОЖДОТ (1994), ПРАШИНА (2001), СЕНКИ (2007) и МАЈКИ (2010), како и на над 50 кратки форми (експериментални филмови, документарци, реклами и музички видеа меѓу кои се 1.73 и ТЕНЕСИ); како и режисер - гостин на кабелската телевизија Ејч-Би-Оу (HBO) во серијата ДОУШНИЦИ (THE WIRE).

ПРЕД ДОЖДОТ освои над 30 награди (Златен лав во Венеција, Independent Spirit, номинација за Оскар, FIPRESCI, UNESCO, Давид ди Донатело, филм на годината во Аргентина, Шведска, Турција и други награди во Австрија, Белгија, Бразил, Полска, Порторико, Русија итн.). Весникот Њујорк тајмс го стави ПРЕД ДОЖДОТ на листата на 1000 најдобри филмови на сите времиња.

ПРАШИНА го отвори Филмскиот фестивал во Венеција.

Добитник е на награди за најдобар експериментален филм (за“1.73“) и за најдобро видео на Ем-Ти-Ви (MTV) за ТЕНЕСИ (TENNESSEE) на групата Арестед дивелопмент (Arrested Development), кое магазинот Ролинг стон го вклучи во листата на 100 најдобри видеа на сите времиња.

Неговите филмови се предмет на неколку интердисциплинарни конференции (Фиренца 1999, Лајпциг 2004), на бројни есеи и книги. Застапени се во бројни кинотечни ретроспективи и енциклопедии и дел се од наставната програма на стотици универзитети.

Настапува самостојно и со групата “1AM“ (која тој ја формира) со уметнички перформанси во Скопје во 1983, 1985, во Сплит и во Белград во 1984 и во Њујорк во 1986. Учествува со свои дела и на големата ретрспективна изложба „ИДЕЈА-ТЕКА: Избор на документи за концептуалниот дискурс во Македонија“, во Музејот на современата уметност во Скопје во 2003.

Неговата прва изложба на фотографии, УЛИЦА, беше организирана во Музејот на современата уметност во Скопје во 1999, а беше прикажана и во Стокхолм, Неапол, Солун, Љубљана и Санто Доминго.

Манчевски е автор на проза и поезија, на книгата ДУХОТ НА МАЈКА МИ, и на повеќе раскази, есеи и колумни во Њу американ рајтинг, Ла Република, Кориере дела сера, Синеаст, Гардијан, Зидојче цајтунг, Правда, Сарајевске свеске и др.

Предавал и држел предавања на повеќе универзитети, кинотеки, музеи и арт институти, најзначајно како Директор на Катедрата по режија на постдипломските студии при Тиш уметничката академија на Њујоршкиот универзитет.

## Biography

Milcho Manchevski (Skopje 1959) wrote and directed the feature films BEFORE THE RAIN (1994), DUST (2001), SHADOWS (2007), MOTHERS (2010) and over 50 short forms (experimental films, documentaries, commercials and music videos, including 1.73 and TENNESSEE); he has also guest-directed network and cable TV (HBO’s THE WIRE).

BEFORE THE RAIN won an Academy-Award nomination and thirty awards, including Golden Lion for Best Film in Venice, Independent Spirit, FIPRESCI, UNESCO, David di Donatello, film of the year in Argentina, Italy, Sweden, Turkey, and other awards in Austria, Belgium, Brazil, Poland, Puerto Rico, Russia, etc.

The New York Times put BEFORE THE RAIN on its list of the best 1,000 films ever made.

DUST was the opening-night film of the Venice Film Festival.

Manchevski won awards for best experimental film (for 1.73) and best MTV video (for Arrested Development’s TENNESSEE, which The Rolling Stone placed on its list of the 100 best videos ever).

His films have been the subject of interdisciplinary conferences (Firenza 1999, Leipzig 2004), of numerous articles, essays and books. They are included in many retrospectives, encyclopedias and curricula at hundreds of universities.

Manchevski has staged performance art with the group he founded, 1AM and by himself in Skopje in 1983, 1985 and 1986, in Split and Belgrade in 1984 and in New York in 1986. His art was exhibited in the large retrospective on Conceptual Art in Macedonia, IDEA-THEQUE at the Museum of Contemporary Art in Skopje in 2003.

His first photo exhibition, STREET was organized by the Museum of Contemporary Art in Skopje in 1999, and traveled to Stockholm, Naples, Thessalonica, Ljubljana and Santo Domingo.

He writes fiction and poetry, and has authored the book THE GHOST OF MY MOTHER. He has published fiction, essays and op-ed pieces in New American Writing, La Repubblica, Corriere Della Sera, Sineast, The Guardian, Suddeutsche Zeitung, Pravda, Sarajevske sveske etc.

He has lectured at a number of universities, cinematheques, art museums and art institutes, most notably as Head of the Directing Studies at NYU’s Tisch School of the Arts’ Graduate Film program.